# Стипендии за студенти

ЕВН Македонија со стипендирање на студенти запишани на Технички факултети, дава свој придонес и поддршка во едукација и оспособување на стручни и на квалитетни кадри од областа, и воедно ги стимулира идните студенти за запишување на Техничките факултети.

## Отворете ги вратите на можностите со нашите стипендии!

Нашите стипендии ви нудат можност да ги остварите вашите сништа и својот потенцијал. Стипендијата е во висина од 10.000,00 денари месечно, и се доделува за 10 (десет) месеци, со можност за продолжување, во зависност од исполнување на обврските пропишани во Договорот за стипендирање.

## Кој може да аплицира:

- Редовни студенти запишани на додипломски студии на Техничките факултети
- Студенти со постигнат успех од најмалку 8,5
- Студенти кои  положиле најмалку 80% од предвидените испити во претходните години
- Да не повторувале година во текот на студирањето
- Да се државјани на Република Северна Македонија
- Студенти кои не се корисници на стипендија од друга институција или компанија.

## Потребни документи за аплицирање:

- Потврда за редовен студент запишан по прв пат во зимски семестар за студиската 2025/2026
- Уверение за положени испити и постигнат успех до датумот на аплицирање
- Изјава дека не е корисник на стипендија или кредит од друга установа, институција или компанија
- Изјава за согласност за обработка и користење на лични податоци за цели на стипендијата
- Кратка биографија (CV).

Поради ограничениот број на стипендии селекцијата на заинтересираните кандидати за остварување право на стипендија ќе биде направена врз основа на претходна предселекција и  тестирање.

Добивањето на ЕВН стипендија претставува признание на вашите достигнувања и може да ви ги отвори вратите за идни прилики и успеси. Ве очекуваме!

**Испратете ја вашата биографија на stipendii@evn.mk со назнака „За стипендија“ најдоцна до 07.11.2025.**
**Сите апликанти ќе бидат соодветно контактирани.**

Енергија. Живот. Иднина.

EVN